СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Дваесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 септември 1995 година

Скопје, септември 1995 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 25-та СЕДНИЦА на СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 13.IX.1995 год.**

Т.2 Претрес по Законот за основно образование - продолжува
Т.3 – стр.30

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 61, 62
2. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 53, 62 ,69, 92, 93
3. ВАНГЕЛОВ АТАНАС - 67, 98
4. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР- 29
5. ЃЕОРЃИЕВ ДРАГАН - 105,106
6. ДИМОВ ЛАЗАР - 95
7. КАДРИУ ЗЕКИР -4, 48, 51
8. ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 33, 47, 58, 60
9. МАЛИНСКА ПЕРСИДА - 49, 76
10. МИХАЈЛОВСКИ БРАНИРОД - 37, 60, 74, 75.
11. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 39, 64, 97
12. НАУМОВСКИ СЛАВЕ
13. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 35, 65
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО води седн. 1,3,..
15. ПАВЛОВ БОРИС - 87
16. ПОПОВСКИ ДИМИТРИЕ – 96, 97, 106
17. РАМАДАНИ ИСМЕТ 107, 108
18. РАМАДАНИ САЛИ - 2,7,8,9,10,12,14,15,16,17,19,21,23,27,42,82,85,88
19. СИМОВСКА ЕМИНИЈА (мин. за образов.) 2, 4, 6, 7, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 18, 19,20,21.23,24,25,26,28,29,30,47,48,49,50,52,53,54,55,56,57,58,59,60,66,71,72, 73,75,76,77,78,79,8o,81,83,84,86,87,88,89,93,97,105
20. СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 54, 56
21. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 95
22. СПИРОВСКИ ИГОР – 100 ( чита)
23. РУДА РАМИ - 67
24. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 94

ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 септември 1995 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала со почеток во 11,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Киро Поповски, Николина Трајановска, Илија , Стојан Ковачевски, Здравко Стојковски и Илинка Митрева, Драгољуб, Поповиќ, Слободан Богдановски, Иван Бојков, Владо Давитковски и Николов не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за основното образование

Во меѓувреме пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу поднесоа амандман на член 8 став 3, пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман член 8, став 1,2 и 3, член 13 став 1 и 2, член 15, член 16, став ..  и за бришење на став 2,член 20 за бришење на член 21, член 4 став 2, член 38, член 45 став 2, член 50 став 1 за бришење на став 52 за бришење на член 53, член 58 за додавање нов став 2, член 67 став 1, точка 3 и за бришење на ставовите 2,3 и 4, член 71, член 81 став 1 и за бришење на став 2, член 96 став 2 и 3, член 98, став 2,4 и 5, член 99 став 1 и за бришење на точките 3 и 5 на став 2, член 101, став 2 и 3 и за бришење на став 4, член 103, член 104, член 116 став 1 и 2, член 17 и 108 и на член 112 став 1 за бришење точките 2,4,8 и 17 и на став 2 точка 1 и 2, а пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман за додавање нов

член 116-а по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Персида Малинска поднесе амандман на член 12, а пратеникот Славе Наумовски поднесе амандман на член 118 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Здравко Стојковски и Дане Милошевски поднесоа амандмани на член 7 0 за додавање нов став 2 и на член 113 за додавање нов став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Госпоѓа Симовска има збор.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор:

Има збор Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска прво на македонски јазик, затоа што е и седницата таква се работи за амандмани и треба некој дуел јас да водам со 25 амандмани и Владата на Република Македонија, односно претставникот на Владата г-ѓа. министерка. Знам дека се одбиени вакви и слични амандмани и што се однесува до членот 8 и овој ќе се одбие исто така априорно, тоа се знае, меѓутоа, бидејќи овој закон за кој вчера не се произнесов од објективни и субјективни причини, а за тоа ќе биде збор во некоја друга прилика поопширно зошто. Прво, Ви препорачувам како колеги пратеници да го погледате малку што се однесува до јазикот уште еднаш Уставот односно дискутабилниот член фамозниот 7, став 2

и 3 да го интерпретирате дословно, доследно, објективно како што треба а случајно ќе даде помош и до други институции од познати правници од нашата Република и од странство. За тоа исто така ќе биде збор во некоја друга прилика. Денеска многу концизно што би сметало кога во член 8 се зборува дека воспитно - образовната работа во основното училиште се изведува на македонски јазик. Зошто се изведува на македонски јазик јас ништо немам против, тоа е сосема нормално, но зошто да се одвојуваме и по ставови, зошто ние сме ставиле друг став 2 кога зборуваме за некои националности, тоа значи дека сме вистина како граѓани од втор ред. Би било подобро, како што сум предложил јас не сум открил бог знае зошто, меѓутоа, кога се вика се изведува наставата на македонски јазик и кирилиско писмо во истиот став би требало и на албански јазик, албанско писмо, како и на јазиците на другите националности. И би било се во ред, задоволни би биле во цела Македонија и Македонците и албанците и другите. Затоа, барам од ова Собрание, бидејќи ние сме пратеници од ист дом, од ист кров, имаме исти заеднички цели и оттука нема каде да одиме. Знам дека сме припадници на разни партии, националности, вери итн., меѓутоа, би барал од сите вас, а посебно од либералите и социјалистите да гласаат за овој мој амандман и да се реши еднаш за секогаш ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници гласаа за)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, став 1,2 и 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по,амандманот на член 8, став 3 поднесен од пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Симовска има збор.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа од причина што годината од која започнува изучувањето на било кој јазик е проблем на наставните планови и програми. Според тоа, не е исклучено да има ваква можност, но тоа не е предмет на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Г-дин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, јас го слушнав и мислењето на г-ѓата министерка, меѓутоа, никако не можам да се сложам дека во овој контекст да може баш така со тоа уценување да се мине. Мислам дека во член 8, став 3 ние сме предлагале после зборовите "македонски јазик", за да се дефинира овој закон за да биде подециден да се каже дека, почнувајќи од III одделение. Причината, моето кратко образложение би било ова. Мислам дека по плановите и програмите, бидејќи имам едно долго искуство во просветата и знам што опфаќа во тие планови и програми, мислам дека тука Законот би требало да биде подециден и појасен. Заради тоа што децата кои се од една 7 годишна возраст паралелно да го учат и мајчиниот јазик и македонскиот јазик или некој друг јазик без разлика, тука не сакам да навлегувам во тоа дека се работи само на македонскиот јазик, би требало и во некои поконкретни форми, фактички и ред други форми да се уцени дали ученикот може во таа возраст да биде способен што паралелно да може да ги учи двата

јазици. Јас никако нема да го образложам тоа дека не треба да се учи од таа година, од таа возраст, меѓутоа, никако не можам да се сложам дека би бил способен ученикот од 7 годишна возраст да ги изучува паралелно двата јазици. Исто така, знаеме дека и другите околности покажуваат дека ниту други националности не изучуваат паралелно од I година, не ги изучуваат другите јазици, туку почнуваат од III-то одделение или од "7-тото одделение. За да не се оптовари ученикот на таа возраст со два јазика, јас би сакал и би барал од овој Парламент да го поддржат овој амандман, бидејќи не се работи за некои неконкретни работи, туку се кажува децидно дека способноста на ученикот на таа возраст во никој случај не би можела да биде во таа мера што тој понатаму да може како што треба да го учи. Мислам дека и министерката треба да разбере дека понатаму јас би додал уште едно друго појаснение од 1948 година до 1983 година учениците албанци беа оптоварени со два часа неделно од III до VIII одделение. После од 1983 година до 1989 година тоа навлегува како што навлегува со една итна одлука дека од прво одделение до VIII одделение би требало учениците на националностите да учат македонски јазик и тоа по 2 часа неделно. После тоа од 1989 година, па се до ден денес од I одделение се учи до VIII одделение не со два часа неделно, туку учениците на националностите се оптоварени со три часа неделно. Јас мислам дека и така и така учениците се премногу оптоварени со часови, на пример, оптоварени во таа мера што наместо да учат како што учат децата во цивилизираниот свет на Запад и секаде по 6,7,8 до 10 предмети тука тие деца се оптоваруваат со 12,15,14,па до 16 предмети. Јас мислам дека тоа не држи ако сакаме ние да имаме здрава просвета, ако сакаме ние да бидеме подемократи, поконкретни и поефективни за работа би требало ова да се види.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8, став 3 поднесен од пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу.

Отворам претрес по амандманот на член 12 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Симовска има збор.

**ЕМИЛИЈА СІМОВСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 13, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Г-ѓа Симовска има збор.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Рамадани.

‘

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова мое интервенирање нема врска со Албанците, туку со цела Македонија. Тоа значи кога се вика во основното училиште се забранува политичкото и верското организирање и дејствување , тоа е антиуставно и против сите меѓународни конвенции и договори. Или во став 2 кога барам да се брише тоа значи не се дозволува само она фамозното негирање не, не би сметало ништо, затоа што мислам дека ова треба да се прифати. Ако не го прифати Владата барам помош од моите драги колеги и пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 13, став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-дин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ова треба да важи и за другите амандмани кои се од слична природа. Моето мислење е, бидејќи основното училиште има свое седиште во општината, а не во Владата и Републиката барам согласност на основните училишта барем да биде единицата на локалната самоуправа, која се вика мислам по новиот закон кој ни претстои, односно досегашната општина. Затоа, сметам дека овој амандман треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

13 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, точка 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа, и би сакала едно образложение да му дадам на г-динот Рамадани. Имено, предлагачот на Законот ако забележал е многу полиберален од предлагачот на амандманот. Во ставот за кој станува збор бројот на паралелките воопшто нема долна граница, што значи не е потребно да се сведе од 16 на 8, како што бара предлагачот на амандманот. Ние дозволуваме дури и на помалку од 8 да се сведе.

Дали некој друг бара збор?

Господин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас ќе бидам и овојпат многу искрен. Мојата цел денеска е овој закон кој ни се става на преглед за гласање, за дебата да го дисквалифицирам тотално. Затоа што тој и од формално правен аспект и од материјално правен аспект не е прифатлив. Затоа, 8 паралелки се доволни во било кое училиште, отколку што се 16. И така ни се училиштата со 4 паралелки, а не со 8. Би било по правило да биде со помал број на паралелки. Затоа што во поедини места знаеме дека нема доволно ученици , односно за некои помали места, помали заедници, локални.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 став 1 точка 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 20, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Би било подруго денеска јас да бидам малку поблиску до претставничката на Владата, па да го вршиме дуелот до крајот.

Тоа оди во полза на тоа дека јас сум за општината да дава реков согласност, се повторуваат некои работи. Затоа во целиот текст Министерството и Владата ги бришам. Како што знаете јас не сум ни гласал за таа Влада, како што вика македонскиот национален блок: таа илегална Влада и како таква не може да предлага добри закони. Значи, и тука останувам на тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам придржувајте се на темата на дневниот ред.

II/2.-

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 20, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 21, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 21, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 4 став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

II/3.-

Кој е за, молам да крене рака? (6 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 34 став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 38, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не ги бранам сите амандмани затоа што некои се исти, се повторуваат, значи општината, Владата, Министерството, туку овој амандман морам некако да го бранам,. Јас немам ништо против што учениците, малите деца Македонци ќе имаат свој ден 24 мај денот на Кирил и Методиј. Ние знаеме кои се тие великани за Македонија, за цел Балкан. Не би било лошо и албанците да имаат еден свој ден училишен ден, затоа што Македонците учат и добро е што учат 31 буква, а Албанците 36. Па да имаат и тие еден ден празник на своето писмо албанско кое е решено на 2 8 ноември и тоа во нашиот древен град,во Битола.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Бидејќи имаше слични амандмани на оваа тема, немав можност вчера да ги образложам, би сакала да ја искористам приликата да не се внесува забуна. 24 Мај е ден на просветните работници во Македонија

независно од националноста. Тоа не е празник на македонските наставници и тоа е единствен ден кој што е внесен во законот како неработен ден освен државните празници на кои што не се изведува настава за сите наставници и во сите училишта во Македонија независно од националноста. Ниедно училиште не е спречено во својот статут да вгради ден кој што е од значај за неговата национална култура и идентитет и да го одбележи на соодветен начин. Таква можност е дадена со статутот и не е забранета со овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 38, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 4 5 став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

II/5.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 50 став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Дека сум бил во животот секогаш национално и интернационално расположен, значи овој амандман нема врска со Албанците, туку барам за тие мали дечиња бесплатен превоз. Јас доаѓам од Европа и не само неколку километри, туку на учениците би им дал можност да се возат бесплатно во цела оваа наша убава Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 50 став 1, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 52, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/6.-

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас не знам конкретно кој е составителот на овој текст. Кога би бил педагог тој составителот, би разговарал на друг начин. Меѓутоа, учениците од I одделение да не се оценуваат во првото полугодие, тоа е погрешно. Тие очекуваат кога се запишуваат дека ќе се оценат веднаш, иако критериумот ќе биде полесен. Исто така и за V одделение мислам дека од педагошка гледна точка е голема грешка. Гласате, или не, тоа е ваша работа, тука не ве молам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака. (8 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 52, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 53, под-несен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи е фактички содржан во членот 55. Имено, она што го бара господинот Рамадани, а тоа е да не се оценуваат факултативните, изборните предмети е на некој начин

испочитувано бидејќи овие оценки не влегуваат во задолжителната месечна оцена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Има ли логика нешто што е факултативно и изборно да се оценува, па после да се поаѓа, вие го знаете законот на инерцијата дека се бара помал отпор и кај децата, како и кај сите нас. Значи што е факултативно и изборно не треба да се оценува воопшто. Ако се оценува тоа нема да биде веќе ниту факултативно, ниту изборно, само ќе биде далеку од тоа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 53, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 58 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

II/8.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Па пријатели мои што се прифаќа од оваа Влада, па да се прифати и ова. Кога го прифаќа цела Европа. Јас сум бил од Италија до Шведска неколку години во едно десет држави и насекаде странците посетуваат настава покрај онаа редовната, интензивна. И за две години се претпоставува дека може да се постигне таков успех и нормално да го совладуваат учењето подоцна. Значи, или не се оценуваат воопшто, или се тие предмети кои се слични, еднакви и не се тешки како што е математика, физичка култура и тн. Значи, има случаи дека се враќаат ученици од странство и ако се родени таму да речеме Македонци, Албанци и други не знаат доволно, или не го знаат воопшто македонскиот јазик, албанскиот, турскиот јазик, би требало да не се оценуваат со потценувачки оценки, односно слаби оценки и со два или три. Понатаму, после две години нормално дека тие ќе бидат способни да можат наставата да ја следат нормално. Ова нема врска со Албанците, туку тоа се однесува за нашите ученици во цела Македонија, сите тие се наши ученици. Кој не бил во странство, кој немал деца во странство не може да гласа нормално, не знае како изгледа тоа кога доаѓа ученик можеби од Германија или Франција доаѓа со одличен успех, тука треба да повторува. Се потценува. Каде е идентитетот на нашиот ученик, на нашите деца, ве молам. Тоа исто го оставам на вашата пратеничка совест за кое ние нормално сме се заколнале.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 58 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 1 точка 3 и за бришење на ставовите 2,3 и 4, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи познавањето на јазикот на кој се изведува наставата се тестира на подеднакво ист начин кај сите националности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 67 став 1 точка 3 и за бришење на ставовите 2,3 и 4, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 0 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Дане Милошевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Во однос на овој член направена е интервенција вчера во Законодавно - правната комисија и е составен дел на записникот и на текстот на овој закон член со кој се вели дека поблиските критериуми за сите овие одредби кои се содржани во амандманот ги донесува

министерот со посебен пропис. Така што на некој начин е веќе вграден во законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали предлагачите на законот се согласуваат. (Нема никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 70 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Дане Милошевски.

Отворам претрес по амандманот на член 71, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Во она досегашното социјалистичко самоуправно уредување директорот беше изгласан на колективот, а сега се враќаме уште поназад, можеби во средниот век, па директорот треба да биде бог и батина, тој бира наставници, учители, професори, заменици итн. Гласајте и сега така, тука нешто не е во ред. Јас сум за тоа да најдеме некој подобар излез тоа да биде подемократско, а ние сме се изјасниле дека сме демократско плуралистичко општество.

II/11.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 71, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 81 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 81 став 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Са ли Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 9 6 став 2 и 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

II/12.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Ги молам стенографите да забележат оригинално. Значи ќе имаме и тука мнозинство на непросветни луѓе да одлучат за судбината на просветните работници. Значи ако не шест, со пет во полза на работниците кои работат тука како просветни работници, ќе видите каква катастрофа ќе биде во нашата просвета.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 96 став 2 и 3, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 98 став 2, 4 и 5, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (4 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 98 став 2, 4 и 5, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

II/13.-

Отворам претрес по /амандманот на член 99 став 1 и за бришење на точките 3 и 5 на став 2, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, г-ѓа Симовска да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Од овој амандман има еден дел кој што може да се прифати, а тоа е бришење на зборот "самостојно".

Доколку пратеникот сака да го преформулира амандманот, односно да го раздвои бидејќи остатокот од амандманот не е прифатлив бришењето на зборот "самостојно" би можело да се прифати.

Во спротивност амандманот не се прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас сум оспоруван на најмалку 35 членови на овој закон и темелно сум ги прооучил, научна, правна гладна точка и така како што е предложено во мојот амандман, така барам да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи не го повлекувате. останатиот дел од  амандманот. Не.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 8 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 99 став 1 и за бришење на точките 3 и 5 на став 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

III/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 101 став 2, 3 и за бришење на став 4 поднесен до пратеникот сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата, г-ѓа Симовска да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 5 пратеници гласаа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 101 став 2,3 и за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 103 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата, г-ѓа Симовска да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

5 пратеници гласаа за?

III/3.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 103 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 104 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 104 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 106 став 1 и 2 поднесен од пратеникот сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа

**ТИТО ПЕТКОВСКИ.**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 106 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 107 и 108 поднесен од пратеникот сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 107 и 108 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 112 став 1 за бришење на точките 2, 4, 8 и 17 и на став 2 точка 1 и 11 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

III/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор, г-дин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

И на крајот, и биде, каква Владата, такво Собранието, такви сме ние сите овие балкански луѓе. Значи насекаде каде бара Министерството да се брише, тоа го реков зошто да се напише општината. Па Вие не сте родени во Министерството Вие доаѓате како и јас, живееме во општините, и таму живееме заедно. Затоа би требало да се гласа и со овој амандман еден пат за секогаш заедно со мене да се опаметиме. Не сум јас многу паметен, да знаете. Да бев паметен не би дошол до ова Собрание , би барал други патишта, а има стотина друг подобри од оваа фамозна пратеничка функција.

Ова е последно, благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 112 став 1 за бришење на точките 2,4 и 8 и 17 и на став 2 точка 1 и 11 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 113 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Дане Милошевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

III/7.-

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи во ставот 2 од истиот член 113 е содржана истата одредба дека забавишните групи продолжуваат со работа, но зборот настава не се користи за воспитната дејност која што се обавува во предучилишните установи. од тие причини не може да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 113 за додавање нов став 3 поднесен од пратениците Здравко Стојковски и Дане Милошевски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 116-а поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Првиот став од овој амандман се прифаќа.

Вториот став од овој амандман не се прифаќа.

Ако сака пратеникот да го преформулира. Не е тука? (не)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Мислам дека претставникот од Владата не треба да го прифати амандманот од став 1 бидејќи тој е од Законодавно - правна комисија прифатен и е составен дел на законот.

Претставникот на Владата може да го прифати само вториот став во колку сака да се произнесе.

Инаку, законот кога се чита има додатен член 116-а со истоветен текст во однос на текстот што е предложен. И, мислам да не настане забуна во однос на објавувањето на законот претставникот треба да се изјасни дека не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, така е, мислам, бидејќи прифаќањето на првиот став е составен дел на законот, гласаме само за вториот став на амандманот

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

1 пратеник гласа за?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 116-а поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Се разбира првиот став станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 118 поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повеќе амандмани нема.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање, но пред тоа да бидеме информирани со бројот на претенциите во салата.(Беше констатирано дека има доволен број пратеници)

Кој е за молам, да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (2 пратеници гласаа против)

Кој се воздржува од гласање? (3 пратеници)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основно образование.

**Точка три** - Предлог на закон за средно образование.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Едно кусо воведно излагање во врска со овој закон во кој би се освврнала главно на елементите кои претставуваат новина во овој закон во однос на претходната верзија и воедно беа предмет на различни

забелешки во текот ан собраниската и владината процедура, пред се во однос на статусот на училиштата. Новина во овој закон е што за прв пат се воведуваат освен државните средни училишта и приватни средни училишта како и можност локалната самоуправа односно општината или градот Скопје да се јави како основач на средно стручно училиште.

Ова е направено со една интенција , се разбира не за да се воведе како што понекогаш е изнесувано начин за намалување на квалитетот во школувањето, напротив со одредбата што е содржана со овој закон дека секој од овие училишта , од приватните, и од училиштата чии основач би била општината или градот Скопје мораат во своите програми да содржат минимум на стандарди кои се пропишани и за државните училишта. Што значи се појде од онаа претпоставка дека ова би делувала и стимулативно и врз државните училишта во однос на подобрувањето на квалитетот на нивната настава.

Во однос на наставниците новина која што е направена во овој закон во однос на претходниот од прилика еднаква како и новината содржана во законот за основно образование кој штотуку беше усвоен, а тоа е пред се воведување на приправничкиот стаж во траење од една година, воведување на стручниот испит и воведување на оценување или вреднување на наставникот на секој две години со можност доколку се добијат двапати едно подруго негативни оценки се загуби и работното место. Сето ова во функција на подобрување на квалитетот на наставата

Во однос на учениците , накусо, бидејќи постојат одредени забелешки и знам дека има одредени амандмани, да не би образлагала понатаму во текот на расправата по амандманите, прашањето на матурата беше едно од прашањата кое побуди најголем интерес.

Мислам дека немавме никаква дилема при изготвуањето на овој закон дека тоа е светски тренд иако тоа не е главниот аргумент за

воведување на матурата како законска обврска. Притоа би сакала на пратениците да им кажам дека кога зборуваме за матура не треба да замислуваме начинот на кој што матурата се држи во средните училишта сега, туку ја замислуваме како еден вид финален испит за чија содржина, чија содржина и;начин на кој ќе биде таа изведувана ќе биде дополнително утврдена со програмите. Во секој случај не ја замислуваме да биде еднаква каква што е сега.

Матурата дефинитивно е една определба и во многу земји таа претставува ен само законска обврска туку и квалификација за натамошниот степен на образование за разлика од приемните во наредниот степен на образование.

Следна новина е што освен гимназиските ученици кои што ќе мораат да полагаат матура на учениците во средните стручни училишта кои се со четиригодишно траење в" им биде дадена можност по избор. Доколку тие сметаат дека сакаат да го продолжат школувањето ќе можат да полагаат матурски испит. Доколку не сакаат да го продолжат школувањето во наредниот степен, а сакаат да го заокружат овој степен со можност аз вработување, ќе полагаат завршен, практичен испит. Се разбира постои можност доколку тие се предомислат после некое време и се решат за продолжување на наставата матурскиот испит да можат во било кое време да го полагаат.

Тоа би биле од прилика главните новини во однос на овие три категории кои што се основен предмет на законот, тоа се училиштата, наставниците и учениците и би обрнала внимание при расправата бидејќи во текстот на законот кој ви беше доставен не е содржан и амандманот со кој интервенираше Владата, а тоа е една цела глава која се однесува на актот на одобрение при приватните училишта, тоа да го

имате во предвид, оние |coj не го прочитале како составен дел од текстот во записникот од комисиите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Има збор г-дин ЈованЛазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувана г-ѓа министерке и претставници на Владата, можеби ќе беше подобро ако на една седница поставувавме по еден закон, така да во три недели ги разгледавме сите овие закони , ќе имавме веројатно и повеќе енергија, но се надевам дека и вака ќе собереме сила да ги донесеме овие закони односно и овој закон како и претходниот.

Како што нагласи и г-ѓата министерка новина во овој закон е можност аз формирање приватни училишта, но и изборот на директорот.

Други новини многу нема, од законот може да се види дека некоја сериозна реформа нема, но со првиот став на членот 2 со зборовите "во средно образование се остваруваат планови и програми за гимназиско и стручно образование" се дава можност аз широка реформа. Иако со концепцијата на реформата моите ставови не се разликуваат многу од ставовите на Министерството и на министерката, сепак ценев дека во овој закон требаше да се постават контурите на реформата како што се минимум предмети, максимум предмети, минимум часови, максимум часови, изборни предмети и т.н. тоа за да не се остави целосно на Министерството бидејќи на тој начин ќе се вклучеа многу пошироко поголем број на луѓе овде , како што се гледа овде има и стручни луѓе и во изготвувањето на законот. Ова го велам од причини што сепак има

кај мене една бојазност дека како досегашната пракса секој министер како ќе дојде прави своја реформа, мислам буквално ако се вратиме назад два три мандати ќе видиме дека секој министер воведе нешто во образованието, па следниот го коригираше тоа и т.н и т.н.

Иако некои мои идеи преку амандмани беа прифатени на Комисијата, сепак за некои не најдовме заеднички јазик и поради што донесов амандмани овде кои ќе бидат предмет на понатамошната расправа, само ќе наведам некои главни. Се залагам да има два вида на училишта јавни односно државни и приватни, онаа меѓу фаза општински ценам дека нема потреба бидејќи општината е составен дел. Пота, предлагам да нема повторување со една негативна оценка , ова го образложувам од причини што ако за да се добие диплома аз средно образование, на пример се потребни 2 6 предмети и ученикот има 2 6 позитивни оценки значи да ја добие ако тој слушал 2 8 предмети, може да има во текот на школувањето една или две негативни оценки.

Такви решенија постојат во други закони мислев дека немаше да биде лошо ако прифатевме и во нашиот закон.

Исто така се залагав за укинувањето на матурата, но и за тоа поднесов амандман и тоа ќе го расправаме кога ќе дојде време.

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Јас би сакал неколку збора да кажам во врска со донесувањето на законот за средното образование што со години мислам дека се испуштаат од предвид неколку работи. Ние се договоривме дека треба и мора реформи да се спроведуваат, па најпрво почнувајќи од образованието, па се до работата на пазарното стопанство. Меѓутоа, мислам дека законот дава еден пресек, дава едни одредби со кои што се подобрува содржината и текстот на изминатите законски одредби, но мислам дека е испуштено од предвид дека треба законот за средното образование да биде во функција на пазарното стопанство и дека кадри треба да се школуваат кој што му требаат на стопанството. Инаку, во изминатиот период имаме толку многу невработени со средно образование и со високо образование, иако имавме некои рамки, некое планско стопанство во кои што кадрите беа планирани, меѓутоа, останаа невработени. Па дали треба и натаму да се предвидува вакви програми, вакви насоки на образованието да се добијат кадри, а да бидат невработени. Мислам дека кадрите треба да бидат во функција на стопанството. Кога го зборувам ова првенствено да се потсетиме дека имаше школи за стопанството во кои што беше примат работата преку денот ученикот работеше на работно место, односно помагаше во работата, односно го изучуваше својот занает за што се определил а подоцна се надокнадуваше наобразбата, она што е исклучиво потребно за обавување на работите. Такви беа во занаетчиството, во индустријата и другите работници кои се припремаа. Меѓутоа, сега кога дојдовме на пазарно стопанство мислам дека тие школи, односно тие школи што беа стопански, односно вечерни да се даде примат прво на работата ученикот да се оспособи за работа, а додатно само тие предмети со скратена програма да ги изучува кои му се потребни за работењето, додека другите предмети кои што се од општа наобразба до VIII

одделение што ги завршил, понатаму самиот да се наобразува, додека прво нека му биде работата. Каде да бидат тие работи, во кое стопанство? Да речеме во занаетчиството бербери немаме, дали може во секоја општина да има по една паралелка, дали можеме да имаме за земјоделството паралелка. Дали земјоделството и науката? Точно, не може секој да работи во земјоделството. Треба ученикот да биде оспособен. Кога се оспособува ученикот? Од 14 до 20 години. Кога ќе изминат 20 години веќе ученикот не може да ги совлада тие работи што требало да ги совлада во младите години. Значи во земјоделството во трговијата, во индустријата и во сообраќајот и во другите занаети кои треба да ги изучува. Да напомнам дека треба да се предвиди во законот можност со скратена програма на теоретските предмети, со проширена програма на изучуваше на работите на работните места и задолжително да биде 5 дена во неделата на работа, да се определи дали 6 или 7 часа треба да работи, а дополнително попладне да го усовршува своето знаење. Ако вака настапиме јас ве убедувам во тоа дека 50% од учениците кои го завршуваат средното образование ќе се определат на работите , нема да отидат на факултет, да се инвестира толку голема инвестиција, а всушност кадрите ги даваме за други земји ние да школуваме, ние да плаќаме настава, ние ги плаќаме сите трошоци, меѓутоа во странство ги искористуваат нашите знаења и умеења. Мислам дека ќе биде многу подобро ако се направи скратена програма што не е речено во законот, а да има можност во законот да се направи скратена програма за учениците во стопанството, односно а работници во нашето стопанство.

IV/3.-

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани присутни ќе се обидам, барем во оваа општа расправа од Законот за средно образование да се осврнам на една област од целокупниот систем на образование, имено на образованието за возрасните и третманот кој тоа образование го има во нашата Република и низ некои компаративни показатели да покажам каков е тој третман во останатите делови на светот, односно во останатите републики. Имено, станува збор за образованието на возрасни, терминологија која кај нас е прифатена, иако во теоријата постои термин "перманентно образование" што покажува дека човек се додека е жив треба постојано да се надградува, да се усовршува, да се оспособува за да може постојано да биде во тек со севкупните промени кои се вршат во општеството. Ова перманентно образование, односно образованието на возрасните наоѓа свое место и во бројни меѓународни документи во рамките на ООН во специјализираните институции и организации на 00Н, прашање и проблем кои посебно го има третирано ООН, УНЕСКО, институција и организација која во досегашното постоење се обидувала на ова прашање секоја држава членка на УНЕСКО и членка на ООН да му посвети достојно внимание и низ своето политичко делување, а и низ законодавната регулатива, овој вид на образование, перманентното образование, образованието надвор од редовниот систем на образование си најде свое место. Одржани се бројни конференции, би ги спомнал неколку во Токио, Варшава итн., освети на оваа проблематика, а не е на одмет да кажам дека можеби заради моменталните економски состојби во државата оваа проблематика  нас воопшто не е разгледувана. Меѓутоа, тоа не значи дека луѓето и имаат формално стекнато било кој степен на образование не треба понатаму да се надградуваат, да се образуваат. Само за

илустрација би кажал со мојот колега од Битола Благоја Стефановски пред некој ден бевме во Фондацијата"Отворено општество", ете таа е една институција која им посветува внимание на луѓето кои имаат академски титули, она што е знаено, она што е искуство, ентирија во светот можат да го прифатат , да ги осознаат тие промени и во севкупните текови од нашето живеење од стопанство, економија и тн., култура, образование, ги применат во нашата земја. И за илустрација само да спомнам овој Парламент ратификува два меѓународни договора, едниот беше 14 милиони долари со кои се предвидуваат средства за трансформација на општествениот капитал и во тој контекст дел од тие средства ќе се употребат за надоградба, односно стекнување на одредени сознанија, техничко опремување на овие институции, во законот не се конкретизирани кои би требало да потпомогнат нашиот човек да дојде без оглед на формалното образование да ги стекне тие нови светски сознанија. Би кажал дека искуствата во светот се најразлични, меѓутоа, би се задржал на две конкретни состојби од поранешните ЈУ републики. Во Хрватска и во Словенија кои отишле најдалеку во третирањето програмско и законодавно на оваа проблематика. Само за илустрација во законот за средно образование на Република Хрватска, цело едно поглавје со 4-5 члена му е посветено на образованието на возрасните или пак искуствата на Република Словенија се далеку поголеми, Парламентот на Република Словенија има донесено и национална програма за образованието на возрасните и во тек е донесување на закон за образование на возрасни, така е наречен заради одредено терминолошко усогласување во кои се разработени сите прашања битни за овој систем или потсистем на образование, почнувајќи од кадровските, просторните услови, кадарот, учениците, односно слушателите до односите помеѓу таквите институции и државните органи. Мислам дека ќе најдеме разбирање и во сегашниот

тек на законот за средно образование, затоа што оваа проблематика не треба да го третира само законот за основно образование, па и законот за средно и законот за високо образование, затоа што во Република Словенија и во тој закон е вградена оваа проблематика и дека она што го предлагам јас со посебен амандман за едно поглавје во законот за средно образование да биде посветено на образованието на возрасните, односно, на перманентното образование низ најразлични облици и форми што се дадени во тој амандман и да се овозможи една нормативна рамка за понатамошен развој на оваа сфера затоа што сведоци сме оваа сфера станува интересна не само за досегашните општествени и државни институции, туку станува интересна и за приватните институции, па секако не би било на одмет законодавната регулатива да ги постави основите, да ги постави темелите на овој систем на образование и на некој начин да се воведе и каков таков ред во образованието на возрасните.

**ДИМЕ НАСТЕВСКИ:**

Г-дине потпреседателе, господа пратеници, јас само би кажал неколку зборови, она што го кажав во првата фаза при донесување на законот и за основно и за средно образование дека постојат два закони кои носат нешто ново во образованието, доста либерално во однос на поранешните закони кои што ги имавме во образованието, бидејќи ги одредуваат само основните контури во законот за средно образование. Сето другото е оставено да се решава со подзаконски акти што носи и дава можности за што побрзо да има реформи во образованието во таа насока.

IV/6.-

Јас не би се согласил со тврдењето дека во законот нема сериозна реформа. Од неколкуте предложени промени кои што беа нагласени во досегашните дискусии, законот носи една многу битна промена која што е гаранција за квалитетот. Се појавува за прв пат приправничкиот стаж во средното образование кај наставниот кадар бидејќи досега немаше можност луѓето кои што за прв пат се вработуваат во образованието да ги покажуваат своите квалитети и за тоа да бидат вреднувани. Сега со овој закон се донесува можност да има една година приправнички стаж, а потоа да се полага стручен испит што ќе биде гаранција за квалитетот за ново примениот кадар. Исто така во однос на квалитетот на наставата се донесуваат два нови прописи, тоа се оценувањето или вреднувањето на наставниот кадар, каде што се држи тенденцијата постојано да се збогатува квалитетот на наставата која што се изведува како во основното, така и во средното образование. Законот за средно образование во однос на претходниот закон каде што се беше програмирано, каде што се беше кажано и не даваше слобода за некои промени и реформи, овдека со 122 членови се решаваат многу работи кои што даваат слобода за понатамошно збогатување со реформите И точно она што луѓето од образованието го бараа од овој закон е тоа што се нуди со овие нови законски предлози во законот за средно образование. Планирањето не може да се предвиди со законот на кадрите туку тоа се предвидува со наставните планови и програми, каде што се одредуваат струките и профилите кои што се потребни за стопанството, или за сите останати дејности во државата. Затоа мислам дека овој закон треба на оваа седница што побрзо да го донесеме за да можат реформите да почнат така да се рече од утре, бидејќи е предвидено во рок од 6 месеци да дојде до усогласување на сите акти на училиштата и да се спроведат новите реформи кои што треба да

настанат пред се , реформите одат по наставните програми и планови кои што треба да се изготват со Педагошкиот завод на Македонија каде што ќе се даде обогатување, осовременување на наставните содржини и наставните планови, а воедно ќе се изврши на одреден начин и растоварување на учениците бидејќи се предвидуваат помалку од досега задолжителни предмети, се предвидуваат повеќе факултативни изворни предмети, кои што го обогатуваат духот на ученикот, кои што го обогатуваат знаењето на ученикот без оптоварување за успехот. За тоа мислам како пратеници на оваа седница би требало да го донесеме овој закон за да може и нешто од оваа година , а пред се од другата учебна година 1996/97 потполно да стартираме со нов систем и нов тип на образование.

V/1 НН/ЛБ

**САЛИ РДМАДАНИ:**

Денес е мојот ден и изгледа некако, па ќе го славиме малку како ден на македонскиот јазик, но вака да знаете нема да биде секогаш и молам Собранието да се припрема на една седница што има за потребно т.е. техниката прво.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам за темата господине.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Имам еден текст, генерален текст, да случајно некој да не ме интерпретира погрешно, па затоа имам после и амандмани, само помалку за средното образование, за овој закон, па дозволете ми.

Во досегашниот мандатен период пред овој Парламент се предложени и усвоени околу 100 закони од кои што се однесува до нивната уставност поголемиот дел се и оспорувани од надлежниот, Уставниот суд, од кои некои се одбиени во целина или делумно, а поголемиот дел се наоѓаат пред потребната процедурална дебата. Расположен сум како и секогаш во животот и овој пат да бидам објективен да кажам дека еден добар дел од овие закони што се однесува до стручноста, од научна гледна точка, што се однесува до формулацијата и покрај тоа што се и формулативно трансформирани многу одредби буквално од најпознатите, таквите и сличните нормативни акти од европските стандарди на последниот збор на јуресподенцијата, на најмодерен начин и во овие места има, се дадени, внесени конкретни решенија за нашите специфични прилики за време на транзицијата на овој поскомунистички период и од нашите добри познати стручњаци се осетува една квалитетна рака која не е за потценување него на против за пофалување.

V/2

Меѓутоа и на жалост што се однесува до Предлогот на законот и за средното образование не само што не може да се каже ништо позитивно ни од формално правна, него ни од материјално правна точка и тоа состојбата ни е, дури и тука катастрофална. Наиме, во прв ред при самата формулација на одредбите на овој закон, составувањето на речениците и од статичка и од логичка гледна точка не се на ниво. Не само на стручна, или група стручњаци него точно на ниво на степенот на образованието кое се обидува да се регулира со овој Предлог на законот.

Причините можат да се побараат со една сериозна научна анализа, со волонтирање на факторите кои доведоа до ваков текст, секако во прв ред кај првиот составител вклучувајќи ги изворните односно литературата со која се служел, по се и во прв ред и од наследените формулации на истите и сличните закони од некогашното самоуправно општествоно уредување на социјалистичкиот систем и таканаречено социјалистичко уредување. Поконцизно, овој предлог на жалост, на законот за средно образование, ако се анализира дури член по член е и терминолошки катастрофален и треба не само да се одбиваат и да се измени него да се остави на страна целиот т.е. да се исфрлува во целина, составителот да не се служи веќе се него и да се почнува од А. Тоа беше како прво.

Второ, што се однесува до недостатоците од материјална правна точка ситуацијата е иста, но би се рекло уште полоша. Затоа што тука веќе се работи за суштинска содржајна темелна формулација и внесувањето на многу анатомични, правни и педагошки институции кои не само што мирисаат и дословно на ерата на социјалистичкото општествено уредување, нелогички нехумано не го некој одредби дури се враќаат ретроградно и до црниот средновековен период на темнината и инквизицијата. Тука состојбите се многу лоши што се однесува до параграфите од општ карактер. Значи, за севкупното обидување за

правно регулирање на оваа материја, а да не зборуваме за одделни прашања кои непосредно или посредно се поврзани и со спецификата на другите национални колективитети кои живеат со векови на овие подрачја на овие балкански простори. Од овој аспект исто така би се можело да се води дебата од неколку часа, па бидејќи временски се ограничени не би вршел детална анализа глава по глава, член по плен, став по став и точка по точка него овие ги скратив до максимум и сега сум поднесол помалку амандмани кои веќе ви се доставени со надеж дека ќе го давам и јас скромниот допринос да такви темелни измени во случај ако овој предлог закон не се враќа на повторна и почетна процедура и од овие разлози кои се обединуваат многу кратко да ги произнесам тука.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Владата на РМ поднесе амандмани на член 10 став 2 и за додавање нов став 3 и на член 16 став 3 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандмани на член 2 став 2, член 10 за бришење на новиот став 3 и член 11 за бришење на став 2, член 28 за менување на став 2, за бришење на член 34, член 36 за бришење на став 1 и на член 43 за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Видимче поднесе амандмани на член 10 став 3, член 12 став 1, за бришење на член 34 и за бришење на член 36, а бришење на член 38, за бришење на член 39 и на член 70 став 2 о кои Владата не се произнела.

Комисијата за образование и наука поднесе амандмани на член 17 член 26 за додавање нов став, член 35 став 4, за додавање нов член 45-а, член 60 став 8, член 110 алинеја 8 и на член 112 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандмани на член 32 алинеја 3 и за додавање нова алинеја 5, за додавање нова глава 1У-а и нови членови 41-а и 41-6 и на член 104 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранирод Михајловски поднесе амандмани на член 2 став 2, член 17 и на член 35 за менување на став 4 и истите на седницата на Комисијата за образование и наука ги повлече.

Пратеникот Назми Малиќи поднесе амандман на член 63 за додавање нов став по став 1, а пратеникот Џеладин Мурати поднесе амандмани на член 26 за додавање нов став 3 на член 36 став 1 и 3 и на член 74 став 1 и за бришење на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 9 став 1 и на член 92 став 5 по кои Владата на РМ не се произнела.

Пратеникот Персида Малинска поднесе амандмани на член 4 став 5 член 8, член 10 став 2, член 20 став 3, член 45 за внесување нова алинеја, член 70 став 1 и 2 за бришење на став 4 и за менување на став 5 и за менување на член 71, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славе Наумовски поднесе амандман на член 60 став 4, 5 и 7 и за додавање нов став по став 10, а пратеникот Санде Давчев поднесе амандман на член 123 за додавање нов став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ферит Мусовски поднесен амандмани на член 4 став 3 и 4 и за бришење на став 5 член 22 став 1, член 26, член 32 член 42 за

V/5

бришење на став 4 член 43 став 1 за бришеше на член 58 член 60, член 74 став 2, член 90 став 1, за менување на алинеја 5 член 93 став 2 алинеја 3 и на член 98 по кои Владата не се произнела.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 7 став 3, член 78, член 103 став 2, член 107 за менуваше на ставот 1 членот 110 ставот 1 за менување на алинеја 8 член 113 и на член 115 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Славе Наумовски, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Персида Малинска,Петар Талинџиоски, Кире Видимче, Марјан Котлар, Симон Наумовски и Зоран Шапуриќ поднесоа амандмани на член 21 став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу поднесоа амандман на член 8 за додавање нов став.

Пратениците Марјан Соколовски и Марјан Котлар поднесоа амандман на член 70 став 2 а пратеникот Наќе Стојановски на член 119 за додавање .нов став 2 по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Рами Туда и Зеќир Кадриу поднесоа амандман на член 3 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Наум Симјановски поднесе амандмани на член 10 за додавање нов став и на член 21 за додавање нов став по став 1 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали поднесоа амандман на член 26 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 2 поднесен д пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

V/6

Молам се извинувам  г-ѓа Симовска да видиме дали имаме кворум за работа, и молам службите да ги повикаат пратениците да си влезат во салата и да ги заземат своите места.

Молам да се повикаат пратениците веднаш да влезат во салата.

Повелете г-ѓа Симовска, имате збор.

Имаме кворум продолжуваме со работа.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Збор бара г-дин Лазаров

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Јас го навестив ова и во своето уводно излагање и ценам дека доволно е ако дефинираме два вида на училишта, јавни и приватни Јавните или државните се и државни односно републички и општински, општината не е надвор од државата, а доколку некоја општина има потреба од некој кадар мислам дека државата со задоволство ќе финансира потреби од кадар затоа што и сега имаме многу школи кои што сега образуваат кадар^а тие немаат работа. Доколку општините го прифатат овој член вака ќе се изложат непотребно на зголемени трошкови и од така скромниот нивен буџет со кој што располагаат, Мислам дека е доволно да има државни и приватни училишта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 2 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 поднесен од пратениците Рами Туда и Зеќир Кадриу.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Симовска

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Во член 3 став 2 после зборот "национално" ние сме предложиле како пратеничка група да биде дополнето и со еден збор јазично. Мислам дека е многу е дециден и членот 3 на овој закон кој кажува вака цитирам "секој под еднакви услови утврдени со овој закон има право на средно образование не се во ставот 2 не се допуштени дискриминациски засновани на пол, раса, боја на кожа, национално и социјално потекло политичко и верско уверување имотна и општествена положба. Јас мислам дека не би требало да смета да се дополни ставот 2 и со зборот јазично кој мислам дека ќе го дополни ова а мислам дека сето друго е уредно и се согласувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Шест пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на 3 став 2 поднесен од пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу.

V/8

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 и 4 и за бришење на став 5 поднесен од пратеникот Ферит Мусовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор?

(го повлекуваат амандманот)

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 5 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Симоска има збор.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа со образложение што не постои прецизна дефиниција на терминот "светски јазици" секаде и постои можност некои од јазиците кои кај нас фигуративно се третираат за светски дефакто не влегуваат во таа класификација. Заради тоа е ставен зборот "странски", на пример германски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-ѓа Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван потпретседателе почитувани пратеници се согласувам со ставот на г-ѓата министерка, меѓутоа ова што го рече за овој став од овој член тоа треба да важи и за претходниот. Да и во јавните средни училишта наставата може да се изведува и на еден од странските јазици. Тоа значи дека она што е за јавните треба да се однесува и -за приватните.

V/9

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

22 пратеника гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 5 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став поднесен од пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Симоска.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Овој амандман не се прифаќа и неговата содржина не може да биде предмет на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор.

Има збор г-дин Кадриу.

**КАДРИУ ЗЕЌИР:**

Во членот 8 на овој закон се кажува децидно дека средината училишна има печат, во средината на печатот е грбот на РМ, а е отстрането името на училиштето и местото.

Јас во вид на прашање би ја прашал г-ѓата министерка дали со овој член се забранува во печатот да биде освен македонскиот јазик, да се наведе и јазикот на националностите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

Седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 за додавање нов став поднесен од пратениците Рами Туда и Зекир Кадриу.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (14 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 9 став 1 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2, поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи е составен дел на амандманот на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали го повлекувате амандманот бидејќи е составен дел?(Да)

Пратеникот Персида Малинска го повлекува амандманот.

Отворам претрес на член 10 за бришење на новиот став 3, поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Бидејќи овој амандман е поврзан со амандманот I што не беше прифатен од Собранието тако што веќе нема смисла и го повлекувам и овој а исто така и амандманот III на член 11 бидејќи тие се една целина, сите заедно. Значи го повлекувам амандманот на член 11 и член 10.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 3, поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Со оглед на тоа што овој амандман не се прифаќа и со оглед на тоа што за овој закон јас колку што гледам има околу 80 амандмани и нема шанси да ое прифатет ги повлекувам сите амандмани понатаму бидејќи нема потреба да расправаме по амандманите, оти се е одлучено на Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 за додавање нов став поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи во Законот не постои никаква рестрикција да се добие ова што се бара со овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Тврдењето кое госпоѓата министерка по овој амандман го истакна е точно, но сепак ценам дека е целисходно сепак да се издвои како посебен став оваа констатација да им се даде можност за основање на установи за образование на возрасни. Да се даде можност да се основаат установи и во приватната сопственост. Бидејќи во овој закон е принцип да се даде можност формирање државни и приватни школи, истиот принцип го предлагам и за установи за образование на возрасни, покрај државни установи што се дадени како форма на образование да се даде можност и приватна установа да обавува иста функција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот о амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на лен 10 за додавање нов став поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

VI/4

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 3 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по член 21 став 1 поднесен од пратениците Славе Наумовски, Аце Коцевски, Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Персида Малинска, Петар Талимциоски, Кире Видимче, Марјан Котлар, Симон Наумовски и Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 став 1 поднесен од пратениците Славе Наумовски, Аце Коцевски Слободан Најдовски, Слободан Даневски, Персида Малинска, Петар Талимџиоски, Кире Видимче, Марјан Котлар, Симон Наумовски и Зоран Шапуриќ

Отворам претрес по амандманот на член 21 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратнеикот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Со овој амандман се прецизираат и се издвојуваат одредени наставни планови и програми што се наведени во една општа смисла во членот што го обработува овој амандман.

Ценам дека се од посебно значење издвојувањето на овие наставно - научни содржини како што се тука наведени. Тоа е да се утврдат посебни програми за инвестиции во училишниот простор која дејност во Министерството за образование никаде не е посебно издвоена. Потоа, посебните програми за компјутерското образование, програмите за учење на странски јазици како и специјални програми за образование на врвни спортисти. Тоа се примери каде што се земени искуства од повеќе европски земји за такви програми и каде посебно овие неколку програми се издвоени во програмите на нивните национални закони за средното насочено образование. Посебно ја користам приликата да ја поздравам соработката со Амбасадата на Република Словенија каде буквално ги пренесовме нивните искуства во регулирањето на оваа проблематика.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 21 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа. Нема никаков основ Педагошкиот завод да биде носител и изготвувач на програмите за приватните училишта.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот Ферид Мусовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26, поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Пратеникот Ферид Мусовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 1 поднесен од пратеникот Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 26 за додавање нов став поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 за додавање нов став поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 28 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Овој амандман не го поништува предложениот член од Владата туку го подобрува малку и затоа барам поддршка да се прифати а ќе цитирам во основното решение се вели дека бројот на ученици во паралелка не може да биде повеќе од 34. Јас велам бројот на ученици во паралелка по правило е 30 но не може да биде повеќе од 34. Значи не значи 34 лимит, тој исто стои а 30 по правило да биде затоа што да биде една тенденција на намалување ученици во паралелка.

Ние мора да воведеме седење во клупа самостојно на ученикот. Во наредните пет години мораме да направиме предуслови секое дете да седи само во клупа за да се развива неговата индивидуална креативност. Ако останеме 34, пред малку слушнав дека имало во некои училишта и преку 40, нема шанси за никакво подобрување на условите во училиштето.

Значи, барам поддршка, не се менува основното решение туку истото се подобрува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 28 за менување на став 2 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Отворам претрес на член 32 ^поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 32 алинеја 3 и за додавање нова алинеја 5 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Михајловски.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Оваа алинеја е еден обид тоа што зборував во општата расправа, овој систем на образование да си го добие своето место. Гимназиското, стручното, уметничкото и образованието на хендикепирани деца тоа е редовниот систем во кој се опфатени младите. Меѓутоа, со оваа алинеја се дава можност и за образование на возрасни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (21 пратеник).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 32 алинеја 3 и за додавање нова алинеја 5 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 34 поднесен од пратеникот Кире Видимче и Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симоска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Драго ми е што слушнав дека уште еден колега го предложил истиот амандман, а мислам дека имаше уште еден но на друг член за истата проблематика се однесува. Ова се однесува за матурата.

Иако министерката рече дека е тенденција во светот и во Европа да се полага матура, не го делам нејзиното мислење, во периодот од 10 јуни до 6 јули децата се изложени на полагање матура и полагање приемен испит на универзитет. Приемниот испит во цел свет се издига на највисоко ниво и тоа е еден од најважните моменти во животот на секој човек дали ќе успее да се запише на факултет или ќе остане со средно образование.

Затоа ценам дека апсолутно приоритетност треба да дадеме на уписот на факултет затоа што ако дете спреми два испита многу добро, одлично, за на факултет, ќе има многу, многу поголема тежина отколку матурата. Ако ние за 12 години на детето не му дадеме доволно знаење, апсурд е да мислиме дека со матурата ќе му го додадеме она знаење што е уште потребно.

Така, барам поддршка за овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека овој амандман има потреба од едно посебно внимание заради тоа што, ако се сеќавате пред една или две години ние, во Република Македонија имавме сериозни реакции од најмладите, односно учениците што ги завршуваат годините и дури тогаш ние правевме некакви, да не кажам екскурзии - можеме да го промениме, нема да го промениме итн. итн. Меѓутоа кога се направи севкупна анкета на сите ученици, јас не чув од ниту еден ученик дека треба да се полага матура. Сега, овој член за кого го правиме? За нас овде возрасните или пак го правиме за матурантите, оние кои треба да матурираат.

VII/1.- ЛП-ВБ

**БРАНКО АРСОВСКИ:** (Продолжение)

Лично ометам дека решението односно амандманот поднесен од мојот колега Јован Лазаров од Социјалистичката партија е во функција на сите овие промени што ги правиме во рамките на Законот за средно образование. Зошто? При запишувањето во средното образование тоа не е моја обврска да се запишам и да учам некој степен на образование, односно некоја група, ами јас планирам дека со завршувањето на средно образование јас можам да обезбедам одредена егзистенција односно материјални добра за моето семејство и за себе. Во таа смисла, ризикот за запишување дали во гимназија, економското училиште, занаетчиското итн. зависи лично до мојата волја. Мислам дека е некоректно ние возрасните да ги оптоваруваме матурантите со една нова работа, што е за мене многу одвишна, а голем психолошки товар, наместо да дозволиме сите овие матуранти, во рамките на оној да не речам еден месец временски период од еден месец да обезбедат комплетно знаење за полагање на приемен испит на соодветен факултет.

Во таа смисла, треба да ги поддржиме младите кои пред 2 години рекоа - ние практично не сакаме матура, а дури беа и против приемниот испит. Еве, да ги оставиме да полагаат приемен испит, за да го проверат своето знаење и го поддржувам амандманот на г-динот Лазаров.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас пред малку изјавив дека ги повлекувам сите понатамошни амандмани, вклучувајќи го и овој. Меѓутоа, само да кажам фактички амандманот врз овој член не стои, но зад коментарот и врз мислењето се уште стојам. Амандманите ги повлеков од други причини, од причини

што навистина нема атмосфера да се расправа за амандмани и нема желба за соработка преку амандмани да се подобрува законот.

Би сакал конкретно во придонес на амандманот на г-динот Јован Лазаров, бидејќи се совпаѓаме со размислувањата, да кажам свое размислување, односно да го кажам следното. Своевремено, тоа се случуваше некаде минатата година кога завршуваше школската година, а и годинава имаше големи реакции од средношколците во однос на матурите. Во тие реакции ја знам и сигурен сум во тоа дека од Министерството се појавија желби и размислувања за големи корекции, рационализации и подобрувања на наставните програми, меѓу кои и евентуално укинување на матурата. За жал, од тие подобрувања и оптимализации испадна дека и во Законот се вградува матурата, што досега не беше случај, односно мислам дека дегресивно се оди со овој закон конкретно за оваа работа. Во аргументацијата за сето ова ќе го кажам следното.

Пред 30,40 години кога средното образование за повеќето наши граѓани претставуваше нешто што најповеќе би го добиле во животот, можеби матурата претставуваше некој завршен чин и оформување на образованието. Но морам да потсетам дека во тоа време издаваа дипломи буквално со називот "дипломиран машински техничар", такви дипломи сум гледал, бидејќи веројатно во тоа време се мислеше дека тоа е лимитот кој треба да се постигне и кој нема шанси. Во денешни услови, кога средното образование скоро го постигна нивото на основно образование, бидејќи многу мал процент на граѓани остануваат само на ниво на основно образование, повеќето заминуваат за средно образование и суштината и главната цел на матурата веќе се губи.

Второ, во полагањето на приемните испити, кои следат на многу кратко време потоа, на некој начин скоро истите материјали се полагаат повторно, за краток период, за кратко време. Значи, испаѓа дека во рок од три месеци ние ги тераме средношколците односно идните студенти

да полагаат ист материјал по двапати. За кого тоа? А што е најбитно, ако се има сомнеж во знаењата стекнати во текот на средното образование, тие четири години и ако за тоа се наметнува матурата, мислам дека погрешен пат се избира, се спречуваат последиците, а не се коригираат причините односно да се подобри наставата, да се подобрат критериумите за оценување и да се следи перманентно наставата, бидејќи ако ученикот во тие 4 години не учел перманентно и не се занимавал, дали со матурата ќе успееме да го вратиме назад. Не. Ние треба во тие 4 години да го натераме средношколецот перманентно да ја следи наставата, коректно да биде оценуван и на крајот после тие 4 години, со оценките што ги добил во редовното школување да ја заврши средната школа. А матурското полагање на некој начин испаѓа корекција на она што сме го пропуштиле во тие 4 години, што не сме сакале или не сме можеле да го контролираме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Димче Настовски.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Прво, ми се чини дека овде се изнесоа неколку неточности. Минатата или предминатата година учениците не беа против матурата туку настана промена на Правилникот за полагање на завршниот испит и беше со тоа што според Правилникот е предвидено ослободување од матурата за одличните ученици, а во текот на учебната година се измени Правилникот и тоа создаде реакција кај средношколците. Со тоа да не манипулира. Тоа што после некои од слабите ученици тоа го искористија за други цели, тоа веќе е прашање и дел од другите политички партии го искористија за манипулација со средношколците.

Второ, ако го познаваме добро системот на средното образование, имаме свидетелство за завршена IV година и диплома за завршено средно образование. Тоа не е исто ако се заврши IV година и ако се заврши средно образование. Тука морате да правите една дистинкција меѓу едното и другото, бидејќи она што г -динот Лазаров - се извинувам што го споменувам - го тврди дека во светот не постои завршен испит, токму е обратното: секаде постои завршен испит, само можеби името е сменето, дали финишен испит или како и да било, главно матурскиот испит, тоа е оној стариот испит на зрелоста во нашето образование како систем на образование, целиот систем се менува доколку не се полага матурата. Ако ние досега ги изгласавме сите овие членови каде што се предвидува ваков систем на образование и мислиме да го изгласаме овој закон, се менува системот на образование, на средното образование, матурата е потребна заради стекнување на диплома за завршено средно образование во гимназиите или завршен стручен испит во средните стручни училишта. Ве молам, тука не би смеело да има дилеми, затоа што се менува системот на образованието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Господин потпретседател, дами и господа, навистина мислам дека амандманот кој е поднесен на Законот за средно образование држи и има своја содржина и своја јачина и мислам дека треба да се поддржи како таков. Навистина да видиме долу, да се симнеме во училиштата, да слеземе меѓу учениците и да погледнеме и да видиме кога треба ученикот да се подготвува за матура и ја полага матурата, а потоа треба да полага испит за запишување на некој факултет, така што ученикот е

преоптоварен со тој материјал. Навистина да погледнеме да се вратиме назад, да не рече господинот претходен дискутант дека еве јас сум малку подалеку од образованието, меѓутоа 8 години сум предавал во Средното економско училиште, така што ги знам и програмите, ги знам и желбите на учениците, а знам и што се добива и што е разликата меѓу свидетелство и диплома. Не се исто на вишите и високите школи, меѓутоа, за средното образование тоа е исто. Дали ќе биде свидетелство или диплома, тоа е исто, така што мислам дека содржината е многу силна, вредна, голема на амандманот, со тоа што учениците ги растоваруваме со еден огромен товар кој го даваме во тоа многу кратко време и доаѓа ученикот за минимални услови да не може да ги оствари желбите, да се запише на тој факултет на кој има желба.

Ќе гласам за амандманот дека амандманот е на место.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Емилија Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Имам само еден коментар, бидејќи на почетокот во воведното излагање го образложив. Ве молам, да не се манипулира како со аргумент приемниот испит на Универзитетот или на универзитетите. Тој не е законска обврска, приемниот испит зависи од тоа дали конкретен факултет сака или не сака да го воведе, дали има потреба или не. Оваа потреба се менува од година во година и заради тоа тој не е составен дел и немојте да го користите како аргумент дека децата се преоптоварени затоа што учат за приемен испит. Утре можеби воопшто немаме да имаме приемен испит.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Рами Туда.

**РАМИ ТУДА:**

Имам едно искуство повеќе од 20 години во средно училиште и сум дошол до заклучок дека матурските испити повеќе имаат формален карактер. Дури, со матурските дипломи доколку се шпекулира и толку тоа е девалвирано што човек не може да претпостави. Матурските дипломи се земаат од поранешните генерации, така што како готови теми се доставуваат, а кога доаѓаат учениците тие воопшто не знаат што има во тие дипломи. Ми се чини дека овој долг период досега докажа дека навистина се одвишни овие матурски испити и дипломи и мислам дека во иднина не треба да се одржуваат. Ми се чини дека оваа форма на работа во иднина треба да се види, да се најде некоја друга форма во текот на учебната година, за да се дополни ова. Меѓутоа, вака на овој начин како што се одржуваат матурските испити, ми се чини дека тоа не е оправдано и е одвишно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Имаме една мала полемика и јасна поларизација меѓу матуристи и антиматуристи. Мене ми се чини дека тоа не е случаен проблем и случајна конфронтација, затоа што ако ја следите ситуацијата особено пред полагање на тие испити имаме дури и демонстрации на студенти, па јавни расправи, директен пренос на телевизија, коментари во дневник и во печатот итн. Тој спор е доста логичен, затоа што имате образовни системи во светот каде што матурата е многу важна. Меѓутоа е важна од една функционална гледна точка. Таа игра улога на крупен селектор дали некој ќе има излез на факултет или ќе нема излез на факултет. Во тие образовни системи, каде што матурата е многу сериозна институција, тие што ќе положат матура, а полагаат во ист ден, во ист час, по исти

тестови и не пред професорите во средното школо каде што го завршиле средното школо, туку пред избрани професори како во лото, кои добиваат од Министерството коверт каде ќе го извршат матурскиот испит, имаат право да конкурираат на универзитет, но затоа пак тој универзитет има слободно запишуваше, таму нема приемен испит.

Значи, прашањето е дали институтот приемен испит на факултет, кој се практикува кај нас повеќе од 10 години, е контрапродуктивен со оглед на институтот испит на зрелоста или матура. Ако мене ме прашате, јас сум за тој институт на матура, меѓутоа, да му се даде должниот дигнитет, должната сериозност, па дури и рок за подготовка на матура, како што е во некои образовни системи, кои некаде трае и до 1 година. Тоа е в ред.

Сега, кога ќе дојдеме да расправаме за Законот за високо образование, каде што таму постои нотиран на овој или оној начин институт приемен испит, треба добро да размислиме каква позиција таму ќе оставиме или дадеме на Законот. Тука добро рече министерката дека тоа е факултативен институт, дека тоа е прашање било на Ректоратот или факултетот. Тој ќе воведува или нема да воведува. Меѓутоа, ние добро знаеме дека тоа е практика повеќе од 10 години и дека тие приемни испити се далеку пошокантни и далеку посомнителни како резултати од средното образование - пардон сомничави, а не сомнителни, бидејќи по системот на оценување тие директно ги доведуваат под сомневање резултатите во средното школо. Друга работа е што сега во средното училиште ние имаме по 17 дури и 20 одлични ученици ама со сите петки, за да постигне еден рејтинг од 40 бода што му дава влез во факултетот. Но, ако ги гледаме сите тие работи во една целина мораме да ја испитаме функционалноста или на едниот или на другиот институт.

Сега за сега, во оваа фаза, така како што се развива нашето образование, од проста' причина што досега беше хоризонтално, ние досега баравме секој да биде образуван под претпоставка дека секој има исти предиспозиции да стане доктор на науки, што исто така е една утопија, институтот матура мора и треба да остане затоа што тоа е една сериозна проверка на знаењето, селективен институт и тој мора само да го подобруваме или да го заостуваме, односно како што се нарекуваше во оние стари системи, ригорози. Мора да видиме дали некој може да оди натаму или не, затоа што постојано ние не можеме да се држиме до принципот - ние сме хумани, мора да правиме и селекција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Кире Видимче.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас само за кратко се навраќам на одредени дискусии кои во меѓувреме се слушнаа од оваа говорница. Имено, беше кажано дека во реакциите на средношколците кои се случуваа оваа и минатата година најповеќе беа насочени кон тоа што се воведе полагање и за одличните ученици. Еден дел беше така, но еден дел беше и против комплетната матура, но факт е и тоа дека иако еден дел од реакциите беа насочени против одлуката да се воведе матура и за одличните ученици, во Предлогот на законот што сега го добиваме нема никаков исклучок за одредени категории ученици да не полагаат матура. Полагаат сите ученици. Според тоа, мора да признаеме дека Законот е нешто што е многу постаромодно од досегашните решенија, условно речено старомодно, бидејќи сепак до пред една година имавме ослободување на ученици кои беа квалитетни, сега испаѓа дека тие ученици повеќе не се квалитетни и сите ќе полагаат матура. Значи, пак се јавува сомнежот во начинот на оценување за тие четири години во средното

образованинe,  бидејќи на некој начин тие што се покажале и што биле квалитетни ги ставаме во ист кош со сите други и сите да полагаат матура.

Второ, би сакал да го напомнам средното. Тука беше кажано дека на факултетите е дозволено сами да одлучат како ќе биде со приемниот испит, но морам да напомнам и тоа дека во Предлогот за донесување на закон за високото образование во член 34 не стои можност сами да одлучат, туку стои - конкурсот содржи број на студенти, начин на спроведување на проверка на знаења. Нема алтернатива дали ќе има, туку само каков ќе биде начинот.

Според тоа, мислам дека сепак не ставаат во недоумица во одлучувањето по ова и пак стојам на тоа дека матурата во овој момент е нешто надминато.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

4 7 пратеници гласаа за.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за бришење на член 34 поднесен од пратеникот Кире Видимче и Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот з бришење на член 36 поднесен од пратеникот Кире Видимче.

Пратеникот Кире Видимче ги повлече сите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Овој амандман е поврзан со претходниот, со матурата и веќе нема смисла понатаму ако не се прифати, затоа што ја укинавме матурата. Тој ја третира проблематиката на матурата.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Јас би ги замолила пратениците и ако ретроактивно да размислат што всушност е направено со укинување на матурата во однос на сите други членови и завршните испити кои ќе ги полагаат учениците во средните стручни училишта, виза ви гимназиските ученици. Убаво е и јас би сакала да го искористам овој микрофон да им се додворам малку на помладите, дека водам сметка за нив. Можеби би водела сметка повеќе

за нив, исклучувајќи ги приемните испити како можност, а не на овој начин, меѓутоа, се едно.

Ќе ве молам при понатамошната расправа, бидејќи има амандмани кои одат во прилог на завршните испити и амандмани кои одеа во прилог на матурата и обратно, да водите сметка за конзистентноста и доследноста.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Објавувам пауза до 15 часот.

Седницата продолжи со работа по паузата во 15,55 часот.

Констатирам дека имаме кворум за работа во салата.

Продолжуваме со работа.

Во меѓувреме Владата на РМ поднесе амандман на член 33 за додавање нов став 2 по став 1 и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандман за менување на член 36 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 36 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.(13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 36 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот на член 36 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 36 за бришење на став 1 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 6 став 1 и 3 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Г-дин Видимче ги повлече сите амандмани.

Отворам претрес по амандманот за додавање нова глава IV-а и нови членови 41-а и 41-6 поднесени од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Ја користам приликата да апелирам до пратениците да ми дадат поддршка на овој амандман со оглед на тоа што се работи навистина една значајна област која за жал нема соодветен третман овде кај нас во Републиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Дополнително образложение на г-динот Михајловски.

Вашето барање е интегрирано во член 35 затоа амандманот не ви се прифаќа.

**БРАНИРОД МИХАЈЛОВСКИ:**

Во последниот став од член 35 навистина спомнати се овие институции, меѓутоа само за образованието до трет степен, а како интегрално средно образование, посебно средно стручно образование во Законот воопшто не станува збор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нова глава IV-a и нови членови 41-а и 41-б поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Отворам претрес по амандманот на член 42 за бришење на став 4 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Пратеникот Мусовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Пратеникот Мусовски го повлекува и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 43 за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 45 за внесување нова алинеја, поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Овој амандман го повлекувам од следните причини. Во Законот за средно образование не е регулирано каков статус ќе има еден ученик во јавно училиште доколку наставничкиот совет оцени дека ученикот бил неоправдано отсутен односно оправданоста на причините се оценат од Наставничкиот совет како неоправдани. Ниту во член 53 тоа е регулирано ниту пак во член 45 се дава можност да се регулира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 45 за внесување нова алинеја, поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Отворам претрес по амандманот на член 58 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 60 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

Пратеникот Мусовски го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 60 став 4, 5 и 7 и за додавање нов став по ставот 10 поднесен од пратеникот Славе Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Во врска со овој амандман би предложила на пратеникот Наумовски една преформулација.

Првиот став не би можеле да го прифатиме бидејќи зборот "соодветно" го вклучува и едногодишното дефектолошко образование како интегрален дел. Од тие 2 причини првите два става практично с содржани во законот.

Доколку пратеникот би осврнал на третиот став од својот амандман, амандманот се прифаќа.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Се согласувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, повлечен е амандманот а третиот став Владата го прифати и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 63 за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Назми Малиќи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа иако иста таква формулација имаме во законот за основно образование кој беше прифатен од следниве причини

Во системот на средно образование не е направена класификација на соодветност на кадарот, само според познавањето на јазикот, туку воопшто соодветност според квалификациите. Затоа истиот тој став е содржан и во двата претходни става, мислам интегриран е во законот, не е надвор од законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не разбравме дали го прифаќате амандманот.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Не го прифаќаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Славе Наумовски.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Само едно процедурално прашање.

Пред малку министерката кажа дека само третиот став од амандманот се прифаќа, а вие објавивте дека пратеникот го повлекува амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас бев прецизен. Вие го повлекувате првиот и вториот став од амандманот, а третиот Владата го прифати и останува составен дел на текстот на законот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот  на член 63

за додавање нов став по ставот 1 поднесен од пратеникот Назми Малиќи.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 1 и 2 за бришење на став 4 и за менување на став 5 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Пратеникот Малиќи го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 70 став 2 поднесен од пратениците Владимир Соколовски и Марјан Котлар.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 71 поднесен од пратеникот Персида Малинска.

Пратеникот Малинска ги повлекува амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Го. молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 74 став 1 и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Џеладин Мурати.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 2 поднесен до пратеникот Ферид Мусовски.

Г-динот Мусовски ги повлече сите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на член 92 став 5 поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 93 став 2 алинеја 3 поднесен од пратеникот Ферид Мусовски.

И тој амандман е повлечен.

Член 98 исто така е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 104 поднесен од пратеникот Бранирод Михајловски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 119 за додаваше нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 119 за додавање нов став 2 по став 1 поднесен од пратеникот Наќе Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 123 за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Санде Давчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Во меѓувреме пратеникот Сали Рамадани поднесе амандман на член 4 став 1, за бришење на став 2 и за менување на став 3 член 6, член 7 став 1, за бришење на член 39 и на член 74, за менување на став 1, а пратениците Борис Павлов, Ристо Трајков, Ристо Масев, Драган Ѓорѓиев, Љупчо Беличев и Ферид Мусовски поднесоа амандман на член 48 став 1 и 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Владимир Соколовски поднесе амандман на член 53 за додавање нов став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Абдурауф Пруси поднесе амандман за менување на член 36 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1, за бришење на став 2 и за менување на став 3 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Против законот на Владата за средно образование имам помалку амандмани. Сите се 5. Два или три ќе ги бранам другите не морам. Поради ефикасноста и концизноста јас барав да се брише ставот 2 а целиот проблем да се вклучи во став 1. Мислам дека е сосема оправдано така да се постапува. Тоа прво.

Второ, во став 3 би било добро да не се оптоваруваат учениците на другите националности да имаат еден предмет повеќе. Затоа барав да биде факултативно учење, така што да бидат добри соседи и добри комшии. Значи, тоа да биде по нивна волја а не задолжително. Ќе беше добро некој друг странски јазик затоа што македонскиот јазик за Албанците е многу лесен, но брзо и лесно може да се заборави. Како комшии кои играат секој ден можат да научат многу добро, да немаат оценки, да немаат повеќе книги, тетратки а инаку, ако се согласуваме да учат и македонски и албански тогаш може. Затоа го предложив овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (5 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 4 став 1 за бришење на став 2 и за менување на став 3, под- несен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 6, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симовска, министер за образование.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот 6 од пратеникот Сали Рамадани.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 7 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

7 пратеници, гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот, на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 36 поднесен од пратеникот Абдурауф Пруси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака?

7 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го прифати амандманот менување на член 36 поднесен до пратеникот Абдурауф Пруси.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 39 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Има збор г-дин Сали Рамадани.

IX/3.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Овој амандман веќе е прифатен еднаш. Тоа е амандманот 39. Тоа е матура. Јас сум тука од порано но сабајле стигнав подоцна инаку имам исто мислење како и оние кој го предложија амандманот затоа беше прифатен. Не мора да се прифаќа. Значи се враќаме повторно на старото. Меѓутоа јас сум должен овој амандман, пак нема врска со албанците, со албанскиот јазик и со албанскиот народ и т.н. туку има работа за македонците, ученици-матуранти што протестирале минатата година и ако случајно протестираат уште еднаш пред овој парламент, јас ќе бидам со матурантите и со оние кој гласаа претходно. Во чест на тие мои драги матуранти од сите националности, можеби немате време, но јас сум должен моето образложение што не е толку опширно овде да го изнесам. Значи кога барам да се брише овој член имам подлабоки причини. . " Еве уште еден општ заеднички член кој што не е поврзан само со учениците албаници и албанците воопшто во Република Македонија, туку се однесува на сите ученици од средните школи без оглед на национална, јазична, верска и друга припадност (читајте со мене Ве молам, заедно ако треба) ова го предлагам затоа што завршниот испит или матурата веќе денеска во денешниот модерен живот е еден реликт од анахронизмот односно анахронизам од минатото кога учениците беа помалку оптоварени со наставен материјал, кога немале технички и други можности да се развиваат сестрано. Денешните генерации се многу поинтелигентни, многу по бистри и нема потреба за повторување на истата материја било од претходните или од последнава година. Тие треба да имаат доволно време да се подготвуваат за полагање на приемен или квалификационен испит аз упис на високите образовни установи. Може да им се даде само еден писмен испит во вид на семинарска работа и тоа факултативно за понатамошна ориентација во нивната определба "овој збор "определба" посебно го нагласувам.

IX/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот , молам да крене рака? 3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 39 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 48 став 1 и 3 поднесен до пратениците Борис Павлов, Ристо Трајков, Ристо Масев, Драган Георгиев, Љупчо Беличев и Ферид Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа, и би сакала да објаснам зошто , имено пратениците бараат, фактички останување на истите услови кои што постоеја во претходниот закон, а тоа е со 4 слаби да можат да бидат преведени во наредната година. Ве молам да имате предвид дека со новите програми и планови веќе тука ен се предвидени број на предмети, туку се предвидени сега во средното образование да имаме факултативни изборни предмети чии што оценки не влегуваат во просечната оценка, што се изведува на крај. 4 слаби би значело ученикот може да се преведе во наредната година и ако 50% не се оспособил. Затоа е 3. Вие барате да се замени бројот 3 со бројката 4.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, шочитувани колеги амандманот содржински изгледа вака - значи ние предлагаме да се полага со 3 предмети, а да се повторува со 4. Значи да се оди на поправни со 3 оценки, а не со 2.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот , молам да крене рака?

6 пратеници гласаа за амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 48 став 1 и 3 поднесен од пратениците Борис Павлов, Ристо Трајков Ристо Масев; Драган Георгиев , Љупчо Беличев и Ферид Мусовски.

Отворам претрес по амандманот на член 53, за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Владимир Соколовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа. Би сакала да образложам сега, бидејќи сличен амандман имаше г-ѓата Малинска. Она што ние го нудиме со законот всушност е многу полиберално од она што Вие го нудите. Вие рековте дека сакате да му овозможите ^нешто повеќе на ученикот. Имено ние сакаме да му овозможиме на ученикот да може да полага кал- сен испит, а да не го загуби статусот на ученик. Затоа одиме на оваа варијанта. Со понудената варијанта во законот, иако има толкав број на неоправдани часови, ќе има можност да полага, а при тоа ако положи да не го загуби статусот на ученик. Вие предлагате порестрективно. Не се прифаќа амандманот.

IX/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Го повлекувате ли амандманот? (Да)

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 4 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Рамадани бара збор.

**САЛИ МАМАДАНИ:**

Ве молам прво да ми кажете, случајно да не сум во заблуда дали се наоѓам јас во зградата на Владата или во зградата на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ЕПТКОВСКИ:**

На Собранието г-дине Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Благодарам.

Кога го предложив овој амандман, тука е прашањето дали педагошката евиденција и документација да се обавува на македонски или на албански јазик, дали тука постои некоја мала измена во однос на минатото. Само треба да ми е јасна една работа, во она социјалистичкото лудување, повторувам пак, албанците-учители и наставници

беа казнувани со строг затвор до 5 години затоа што, едно 30 години таа иста евиденција и документација се водеше и на албански, или на албански јазик, а после со измени со такви и слични амандмани тогашни. Затоа предлагам или да биде и педагошката документација при евиденција двојазична во цела Македонија или еднојазична во зависност од националната припадност. Затоа што можеме да гласаме колку што сакате, во реалност, на работа, на лице место, во школите, во училиштата секогаш ќе биде, како што било спротивно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 74 за менување на став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Пратениците Кире Видимче, Зоран Шапуриќ и Слободан Најдовски поднесоа амандман на член 33 за бришење на став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 33 за бришење на став 2.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе, г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

IX/8.-

Би сакала да ја искористам оваа прилика уште еднаш да објаснам зошто, бидејки имам чувство дека не бев доволно јасна во воведното излагање или кога расправавме по истиот овој член, а тоа е членот врзан за матура.

Прво сакам уште еднаш да нагласам дека кога станува збор за матура, намерно и не го употребуваме зборот завршен испит за овие гимназиски ученици, бидејќи акцентот не сакаме да го ставиме на зборот испитување. Сосема е поинаква концепцијата од она што ќе се понуди и веќе се работи од страна на Министерството и кое што ќе биде составен дел од наставните планови и програми и кое ќе го носи називот матура.

Би сакала да ги замолам пратениците да имаат предвид кога размислуваат за матура да го немаат пред себе, пред очи она што сега се прави во средните училишта. Министерството за образование е далеку од тоа, таа концепција да ја смета за прифатлива. Сосема се согласувам со сите дискусии кои што беа изнесени контра начинот, на кој што матурските испити се полагаа до денес. И еден од главните проблеми на кој што ќе биде обрнато внимание во рамките на овие реформски зафати, не во законот туку во програмите и наставните планови, тоа е токму проблемот матура.

Со оглед на тоа што често се споменуваат искуствата во светот, јас не многу ги користам како аргумент за донесување на одреден закон што се носи за нашава држава, меѓутоа во овој случај ќе го употребам. Можеби бевте во тек дека по долго залагање, успеавме барем една гимназија во Македонија, а тоа е гимназијата "Јосип Броз Тито", успеавме да ја вклучиме во системот на меѓународната матура. Само за илустрација на тенденциите во светот, а внимавајте,тоа е европска

мрежа во која што не> се влегува лесно и која што е под перманентен надзор на експерти од страна. Тој систем на образование се одвива на тој начин што двете последни години целосно се прилагодени на финалниот испит. Финален испит постои. Тој се вика матура и далеку е од она што сега се полага. Тој се полага во еден ден, тоа е она што го спомна, ми се чини, г-динот Ангелов во дискусијата, и се полага под посматрање на оние експерти кои влегуваат во таа мрежа на европски меѓународни матури.

Чисто за илустрација на тенденциите во светот, а ние се надеваме дека еден ден сите гимназии во Македонија ќе успеат да ги исполнат тие критериуми, што не се лесни да се задоволат, и ќе успеат да влезат во оваа мрежа. За тоа ни е потребна законска основа. Ништо повеќе не значи овој член, кој што беше бришан, а еве сега Владата повторно го враќа. Освен тоа, за да можеме да се вклучиме во овој систем, да им овозможиме на нашите деца да им се нострифицираат средните училишта, а мислам дека тука сме единствени, на тој план, дека сакаме нашите деца да имаат дипломи кои што ќе бидат валидни во целиот свет, а не само кај нас. Единствен начини да го овозможиме тоа е да имаме во законот член што обезбеди законска основа за да можеме понатаму да го разработиме начинот на кој што матурата би се полагала. Инаку, верувајте , доколку сакавме на мала врата да им отежниме нешто на учениците вос редните училишта, ние не моравме да го ставиме ова во закон, ние ќе го предвидевме со нашите правилници и со подзаконски акти. Никој затоа немаше да знае. Повторно ќе полагаа учениците, повторно на ист начин. Причината за ова е тоа, што е поднесен овој амандман. Без овој амандман целата концепција на законот за која досега сите се согласија дека треба да биде таква каква што е, би паднала во вода.

IX/10.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Видимче.

**КИРО ВИДИМЧЕ:**

Јас навистина жалам што се најдов во ваква ситуација, но сепак би сакал да кажам нешто околу овој амандман што сега го донесовме. Имено на вчерашниот и денешниот ден ние расправавме по два закони од оваа област кои во основа се суштински и сите нас многу не интересираат, што покажа и дискусијата. Ќе се послужам малку со бројки. За двата закони имаше преку 2 00 амандмани, во секој случај, и да бидам прецизен единствен амандман од пратениците кои го усвои Собранието , беше токму овој на член 34. Друг амандман парламентот не усвои ни еден. Неколку прифати Владата, а се друго беше одбиено. Според тоа сега излегува дека тоа што парламентот единствено го усвои, Владата има право и сила да го негира со својот нов амандман што едноставно станува составен дел на законот.

Јас само сега се прашувам себеси и Ве поттикнувам Вас на размислување, дали во овој момент малку не се измешани улогите во овој случај, бидејќи сепак, бројката од 200 амандмани , значи нешто и од 200 усвоивме само 1 амандман ако парламент. Еден изгласавме и сега наеднаш, се случува нешто друго, истиот амандман, истиот текст што стоеше во член 34 се става во член 33, односно член 34 нема да постои али суштината на членот 34 постои во член 33. Значи парламентот пред малку како да не гласаше и едноставно со ова се анулира одлуката и гласањето на парламентот. Јас се плашам каква ќе биде функцијата кога ние ќе расправаме по други и потешки закони, ако суштината на парламентот се сведува на ова.

Јас жалам и се чурам се надевам, нема така да биде во гласањето по овој наш амандман. Очекувам поддршка најмалку од 47-48 пратеници, како што добивме минатиот пат. Бидејќи ако не биде така , навистина, ќе се посомневам во размислувањата на пратениците и во желбите да придонесат за реално разрешување на проблемите. Ова затоа што и не слушнав некои нови аргументи и поубедливи, кои што мене лично ќе ме убедат, а мислам и Вас, да го смениме мислењето кое што го искажавме пред два или три саати. Едноставно јасно и гласно усвоивме амандман, единствен од 200, и сега испаѓа дека тој амандман го усвоивме за ништо.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Има збор г-ѓа Симовска.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Нема да ја коментирам дискусијата во овој дел што тоа би значело, процедурално е можно и тоа служи токму за вакви ситуации, амандмани кои дополнително се доставуваат од Владата, кога се востановува во текот на расправата, дека можеби, некои пратеници не го разбрале правилно. Еве предлагачот, ја преземам врз себе вината дека не сум го објаснила тој член како што треба. Меѓутоа, за да не остане овој неточен податок во воздух, Владата прифати 24 амандмани од 62, а не од 200.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Видимче:

**КИРЕ ВИДИМЧЕ:**

Јас бев конкретен, конкретно за законот за средно образование имаше некаде 80 амандмани и преку 100 имаше на законот за основното образование. Зборувам за двата закона. Ова е единствен амандман

што го повои Собранието. Единствен амандман по кој гласаше Собранието и го усвои. Неколку прифати Владата, секоја чест, а ова е единствениот кој што го изгласа Собранието. Е, па сега нека ни е на здравје, ако сега мислиме поинаку за два саати.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас не би повторувал ова што беше кажано дека ние не би требало да гласаме после 15 минути сосема поинаку, меѓутоа овие аргументации можеби требаше да бидат малку порано изнесени, зашто инаку и сегашните аргументации, за европските текови, за европските движења и тенденции се доста обопштени, бидејќи има земји каде што нема матура, а не само во Европа, јас ќе го наведам примерот во САД , каде што исто така не се полага матура, така да тоа споредување со светот секогаш е многу ризично, особено ако немаме некои прегледи и податоци. Ние често пати, сите во нашите искажувања употребуваме, секаде во светот, секаде во Европа такви тенденции т.н. Јас мислам дека ова без некој преглед, без некои податоци и материјали не можеме само оваа аргументација да ја прифатиме, не би повторувал се она што е кажано, бидејќи парламент ако парламент би изгледал несериозен, доколку она што го изгласа пред 15 минути или половина час или го повлече и да биде поинаку.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро право е на пратениците.

Има збор г-динот Соколовски.

Х/1 НН/СЛ

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, јас лично пред паузата бев тој што гласав за амандманот на г-динот Лазаров, меѓутоа, во паузата и ова објаснување од госпоѓата министерка што сега го даде сметам дека држи затоа што со една таква промена во програмите од втора година средна школа до четврта година, тоа значи вклучувајќи го и завршниот испит па да го наречеме и матура ќе значи една виза за вклучување во некои европски токови на образование, односно она што Женевската конвенција за образование го има. Тоа значи дека тие наши млади луѓе кога ќе завршат средна школа ќе имаат навистина една визит карта да се вклучат во сите универзитети во Европа, па и пошироко. Точно е дека во Америка некаде не постои правило дека се полага матура, меѓутоа, има универзитети каде што и бараат полагање на матура. Според тоа, јас сум да го прифатиме ова мислење, амандманот на Владата.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, јас како независен посматрач на целата оваа церемонија....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова е расправа ве молам, не е церемонии

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

И церемонија, сето тоа, не можам да си одговорам на прашањето за да бидам определен во гласањето бидејќи аргументацијата при која што се прифати амандманот со кој се укина матурата, беше таква и оваква, чувме аргументација на министерот и од таа аргументација исто така не можам да се убедам дека аргументацијата е доволна, бидејќи ние не треба да си имаме илузии дека нашето школо ќе биде, средното школо ќе биде валидно ако некој од европската заедница ќе дојде и на

матура ги провери децата. Мислам дека тоа не е аргументација, сигурно на друг начин ќе ја проверува таа школа, ако е Европа. Тоа е мој впечаток. Може во еден ден да не проверат дали нашите деца се квалификувани за Европа. Мислам дека тоа не е аргументација, бидејќи во овој Парламент се изнаслушавме поприлично на таквите европски аргументации. Тоа е мој впечаток и ќе ми биде многу тешко да се одлучам. По се изгледа тука прв пат се случи пратениците да гласаат за амандман со кој што Владата не се согласи, мислам да не е во прашање суета.

**ДИМИТРИЕ ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, навистина ми е жал што излегов на говорница не да расправам за тоа кој е во право, кој е во криво, меѓутоа, навистина ме боли ако министерката каже дека пратениците не го разбрале добро објаснувањето кое г-ѓа министерка воопшто не го даде за тоа. И ако успеа некого да убеди во паузата секоја чест. Меѓутоа, навистина е непримерно, не "сакам да повторувам сега дека од сите амандмани што се доставени на оваа седница единствениот амандман што го усвои Парламентот го негира Владата. Сега треба навистина сите да се замислиме за нашиот дигнитет. Навистина, а вината за тоа ја сноси министерката затоа што не ни даде конкретно образложение за тоа што тоа значи. Јас лично сега го прифаќам образложението, меѓутоа, после смрт нема болест.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да сугерирате, решение на пратениците тие знаат како да се однесуваат.

**ЕМИЛИЈА СИМОСКА:**

Да не остане недореченоста од претходната дискусија, јас не само што не ги обвинив пратениците дека не го разбрале законот доволно, ако паметите пред една минута реков дека ја преземам сета вина на себе, дека јас не сум била доволно јасна во своето образложение. Тоа го повторувам уште еднаш. Немам сомневање во читањето на законот од страна на пратениците, изразувам сомневање во себе, заради тоа оваа процедура течеше вака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Настоски. (реагирање на пратениците од место).

Ве молам немојте од место, секој има можност од говорница.

**ДИМИТАР НАСТОСКИ:**

Јас се разочарувам од друго г-дине Поповски, бидејќи се јавувате од место. Што вие имавте огромна можност како претседател на Комисијата за образование, физичка култура и наука, да си го дадете своето мислење, а воедно сте известител од Комисијата. Ве молам да го прочитате извештајот од Комисијата кој сам го имате потпишано дека се согласувате со законот. Сега вакви дискусии навистина се недолични.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика. Нема причина за нервоза, ве молам, водиме расправа конструктивна.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Бидејќи г-динот Настоски го спомна моето име, јас и не очекував друго освен да се најде во одбрана на г-ѓата министерка од причини што е тој службеник на извршната власт, а едновремено и пратеник во Собранието и нормално е така да постапува.

Не сакам да повторувам ништо друго освен тоа да навистина не е умесно и не е убаво на ваков начин да се расправаме. Јас тоа што го имам како претседател и како известител пред Комисијата кажано е и напишано е таму. Јас не реагирам за она што е напишано во извештајот. Јас реагирам на постапката што се создаде овде.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Атанас Вангелов.

**АТАНАС ВАНГЕЛОВ:**

Се јавив за збор само за да влезе ова во записникот од оваа седница, а имено кога г-дин Димитар Поповски рече дека Парламентот нема дигнитет доколку не гласал за амандманот на г-дин Јован Лазаров, сметам дека не е во право од следнава причина.

Тука има три начина на гласање. Едниот е за, едниот е против и едниот е воздржан.

Кога се однесува лично до мене јас своето "не" дури го образложив. Доколку има друга аргументација за мерење на дигнитетот молам г-динот Поповски да ја образложи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(не бара).

Можам да констатирам дека нема.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Дваесет и седум пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 за бришење на став 2 поднесен од пратениците ....

(реагирање на пратениците од место).

Ве молам седнете си на место ќе ви дадам збор. Има кој да води ред г-дине Даневски овде.

Повелете после вие се што сакате ќе можете да кажете.

Дваесет и седум пратеници ако гласаат амандманот не може да биде изгласан, беспредметно е да кажам кој е против кој е воздржан. А ако помине амандманот, тогаш ќе прашам кој е против кој е воздржан. Има некој ред во деловникот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 за бришење на став 2 поднесен од пратениците Кире Видимче, Зоран Шапуриќ и Слободан Најдовски.

Г-дин Шапуриќ има збор, бараше процедурално.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Од името на подносителите на амандманот барам поддршка од 10 пратеници за поединечно изгласување.

(повеќе од 10-тина пратеници креваат рака).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има 10 пратеници?

Молам секретарот да помине на поединечно гласање.

Јас го молам г-дин Ацо Ивановски за момент да претседава, како најстар пратеник, имам една неодложна обврска да се јавам.

(со седницата продолжи да раководи г-динот Ацо Ивановски).

X/6.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА | - воздржан |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | - не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | - не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | - не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | - не е тука |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | - против |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | - не е тука |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | - против |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | - за |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАИОПСКИ | - не е тука |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | - не е тука |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | - не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | - против |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | - против |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | - за |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | - за |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | - не е тука |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - против |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | - против |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | - против |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | - не е тука |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | - не е тука |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | - за |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | - за |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | - против |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | - не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | - не е тука |

X/7.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | - против |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | - против |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - воздржан |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | - воздржан |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | - против |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | - не е тука |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | - за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | - воздржан |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | - не е тука |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | - не е тука |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕН | - не е тука |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | - не е тука |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | - не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | - за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | - не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | - за |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | - не е тука |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИМСКА | - за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | - за |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | - против |
| 51. РИСТО МАСЕВ | - против |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | - за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | - против |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | - не е тука |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | - против |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | - воздржана |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | - воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - не е тука |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | - против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | - за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | - против |

63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - за
64. ВАНЕ НАУМОСКИ - против
65. СИМОН НАУМОСКИ- не е тука
66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ - против
67. ЈОВАН НИКОЛОВ - не е тука
68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - против
69. РИСТО НИКОЛОСКИ - за
70. РУФИ ОСМАНИ - не е тука
71. БОРИС ПАВЛОВ - не е тука
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
73. ТИТО ПЕТКОВСКИ - не е тука
74. МИРКО ПЕЦОВ - за
75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ - не е тука
76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ - за
77. КИРО ПОПОВСКИ - не е тука
78. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - против
79. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ - против
80. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ - против
81. АБДУРАУФ ПРУСИ - за
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ - против
83. САЛИ РАМАДАНИ - за
84. ХИСЕН РАМАДАНИ - не е тука
85. МИТКО РИСТЕВСКИ - не е тука
86. НАНО РУЖИН- против
87. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ - против
88. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - против
89. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ - против
90. КИРИЛ СПАСОВСКИ - против
91. ЈОВАН СРБИНОВСКИ - не е тука
92. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ - за
93. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
94. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ - против
95. ТОКШСЛАВ СТОЈ АНОВСКИ - не е тука
96. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ - против

| | |
|---|---|
| 97. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | - против |
| 98. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | - не е тука |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | - не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | - против |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | - за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | - не е тука |
| 104. ПЕТРЕ ТРАНОСКИ | - против |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | - против |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | - против |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | - за |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | - не е тука. |
| 109. РАМИ ТУДА | - за |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | - против |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | - против |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | - не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | - против |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | - за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | - не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | - не е тука |
| 117. АРБЕН ЏАФЕРИ | - не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | - против |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | - не е тука |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | - за |

(со седницата продолжи да раководи г-динот Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гласале вкупно 71 пратеник.

За амандманот 26 пратеници.

пн Против 38 пратеници.

И 7 воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 33 за бришење на став 2, поднесен од пратеници Кире Видимче, Зоран Шапуриќ и Слободан Најдовски.

X/10.-

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Георгиев.

**ДРАГАН ЃЕОРЃИЕВ:**

Мојата забелешка е од процедурален карактер, а се однесува на следното, група пратеници имавме поднесено неколку амандмани кои веројатно некаде се некаде на страна па до сега не беа прочитани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не знам на кои мислите. Дајте да видиме?

Молам за мала пауза додека Стручните служби ги пронајдат амандманите.

Грешката е во организацијата на седницава. Направен е пропуст и јас молам за извинување.

Отворам претрес по амандманите на пратениците Драган Георгиев, Борис Павлов, Ристо Трајков и Ристо Масев поднесоа амандмани на член 9 став 1, член 17, член 29 став 2, член 33, член 45, член 56 и член 66.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1, после зборовите "развојот на образованието во", се бришат зборовите "државните" и се додава зборот "бредните".

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор госпоѓа Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господин Георгиев.

XI/2.-

**ДРАГАН ЃЕОРЃИЕВ:**

Бидејќи не доаѓа до прифаќање на овој амандман, а сите останати се во врска со овој, ги повлекуваме сите амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратениците ги повлекуваат амандманите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, дали некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и пред да поминеме на гласање молам за информација колку пратеници се присутни во салата?

Во салата се присутни 64 пратеници.

Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57 пратеници).

Дали има некој против? (2 пратеници).

Дали има воздржани? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за средно образование.

Да се договориме според натамошниот тек, редоследот на точките се 4 точка и неколку други закони заради ратификација на спогодба. Дали да продолжиме или да завршиме со овој комплекс со законот за високо образование?

Дали се согласувате да продолжиме со законот за високото образование?

Има збор пратеникот Димитрија Поповски.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:**

Господа пратеници, јас мислам дека е умесен предлогот на претседавачот овој комплекс на закони, бидејќи се работи за I фаза на

законот за високото образование, очекувам дека нема да има голема расправа, да го завршиме на оваа седница и потоа следат оние точки што се на дневен ред.

Сугерирам тоа да го направиме денеска.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не би сакал да се надгласуваме околу ова.

Јас ова го поставувам и од една практична причина, немаме претставник за овој комплекс на ратификација на спогодби. Немаме претставник на Владата. Сега можеме да одиме или на законот за високото образование или на законот за задругите или да ја прекинеме седницата па да продолжиме утре.

Збор побара господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас можам во име на пратеничката група да барам пауза, меѓутоа подобро е, вака ќе бидам искрен, да продолжиме во вторник а денеска да ја прекинеме седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас сепак ви предлагам, бидејќи со овој комплекс завршуваме да одиме со законот за високо образование и да завршиме денеска.

Минуваме на точката - <u>Предлог за донесување на закон за високото образование.</u>

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Господинот Рамадани бара процедурално.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Во името на пратеничката група на ПДП барам пауза до утре, затоа што ние кога гласавме за дневниот ред, редоследот на точките, имавме редослед на точки за дневен ред каде што и подготвувањето на самите пратеници за расправа за одредена точка знаеја дека има еден редослед на точки. Сега, мислам, не мислам него барам, за да имаме време малку и во пратеничката група да ги договориме нашите ставови.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, во среда имаме нова седница. Затоа предлагам утре да продолжиме во 10 часот.

Утре седницата продолжува во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот).